**ЗАПИСНИК**

Од петтата седница на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 15.04.2024 г. (среда) во 14:30 во Стара сала за ННС. Претседателот утврди дека на седницата се:

Присутни: Данило Крстовски (претседател), Анастасија Саша Тофоска, Петар Китанчев Калина Георгиева, Сара Мишева, Ивона Тодорова, Лука Стојаноски, Филип Петровски, Марија Самарџиска, Кире Јованов, Анастасија Кипариз Крстеска, Тамара Кунцулова, Емилија Протугерова,

Отсутни: Бојана Бурческа, Магдалена Николовска, Тијана Тесалоника Шишкоска, Филип Стојановски, Катерина Антовска, Димитрија Настески, Лина Рангелова.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Усвојување на записник од трета седница;**
2. **Усвојување на записник од вонредна седница;**
3. **Усвојување на дневен ред;**
4. **Избор за членови во Комисија за самоевалуација;**
5. **Избор за членови во Совет за квалитет;**
6. **Избор за членови во Изборна комисија за претседателски избори на ФСС;**
7. **Уредувачки одбор „Став“**
8. **Став во врска со Бифе „Вегера“ на Правен факултет „Јустинијан Први“;**
9. **Работна група за студентски права;**
10. **Оставка на член на ФСС;**
11. **Известување;**
12. **Разно,**

**ТОЧКА 1. Утврдување на записник од третата седница на ФСС**

За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.

**ТОЧКА 2. Утврдување на записник од вонредна седница на ФСС**

За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.

**ТОЧКА 3. Усвојување на дневен ред**

За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.

**ТОЧКА 4. Избор на членови во Комисија за самоевалуација**

За членови во Комисија за самоевалуација се избраа: Ивона Тодорова, прва година – правни студии и Лука Стојаноски, втора година – правни студии.

**ТОЧКА 5. Избор за членови во Совет за квалитет**

За член во Совет за квалитет е избран Петар Китанчев, прва година – правни студии.

**ТОЧКА 6. Избор за членови во Изборна комисија за претседателски избори на ФСС**

За членови во Изборната комисија за изборите за претседател на ФСС се избраа: Сара Мишева и Калина Георгиева, прва година – правни студии и Филип Петровски, втора година – правни студии.

**ТОЧКА 7. Уредувачки одбор „Став“**

Претседателот извести дека веб страницата на списанието е при крај и за истата е потребен уредувачки одбор. Студентското собрание ќе објави повик за членство во уредувачкиот одбор за членови вон собранието.

**ТОЧКА 8. Став во врска со Бифе „Вегера“ на Правен факултет „Јустинијан Први“**

Претседателот ја отвори дискусијата по повод оваа точка. Китанчев напомена дека студентите имаат поплаки кон работењето на бифето од следниве причини: прескапи материјали, недоволен асортиман на храна (лоша понуда) и невкусна храна. Членовите се согласија дека истиот предизвик треба да биде адресиран пред Деканот и ННС, како и да се изготви прашалник со цел да се увиди во поголем број перцепцијата на студентите. Тофоска се сложи дека овој метод е важен и членовите ќе пристапат кон изготвување на формулар.

**ТОЧКА 9. Работна група за студентски права**

По повод оваа точка се разви дискусија од страна на членовите на Собранието. Оваа работна група има за цел да ги истражи правните акти со кои се регулира статусот на студентот и правата и обврските кои ги поседува и истото да се промовира на социјалните мрежи. Во оваа работна група влегуваат: Магдалена Николовска, Сара Мишева, Калина Георгиева, Ивона Тодорова, Петар Китанчев, Марија Самарџиска, Кире Јованов и Данило Крстовски (претседател).

**ТОЧКА 10. Оставка на член на ФСС**

Собранието ја констатираше оставката на Бојан Палитов, претставник од трета година – правни студии.

**ТОЧКА 11. Известување**

Претседателот извести дека претстојат избори за претседател на Факултетското студентско собрание и дека се понудени три датуми. Избран беше 15 мај (среда).

**ТОЧКА 12. Разно**

Под оваа точка, Тофоска ја поттикна дискусијата во однос на роковите за запишување и заверка на семестар. Таа потенцираше дека можеби би било поедноставно и попедантно доколку на студентите им се дадат конкретни датуми кога може да запишат/заверат. Китанчев се осврна кон истото и потенцираше дека ФСС треба да реагира на оваа тема. Претседателот потенцираше дека на овој начин се губи слободата на студентот да запише семестар кога сака и дека гужвите што се прават на последниот ден за запишување и заверување на семестар нема како да ги препишеме на сметка на факултетот. Дополнително беше истакнато дека пред неколку години распоредот беше стриктно утврден и голем дел од студентите не беа задоволни од него. Тофоска истакна дека ја разбира логиката зад ваквата поставеност и изнесе дека е потребно да се води дискусија за вакви теми на седница.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори седницата во 15:30.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
Данило Крстовски

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"